**УДК: 27-36Св.Кирил и Методиј:930.85(497.7)**
**DOI:**

# СТРАТЕГИИ ЗА РАЗВОЈ НА РУТАТА НА СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ НА МАКЕДОНСКО ТЛО

**Маја Јакимовска-Тошиќ**
Институт за македонска литература, Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ORCID ID: https://orcid.org//0009-0005-6826- 4277

**Клучни зборови:** културни рути, Свети Кирил и Методиј, културно наследство, стратегии, развој

**Резиме:** Европската културна рута на Кирил и Методиј, како дел од Програмата за културните рути на Советот на Европа, воспоставена во 2013 година како интернационална мрежа од земји и партнери, го одбележува и го афирмира наследството на Светите Кирил и Методиј во однос на европското културно наследство. Нивната просветителска мисија остави неизбришлива трага врз културното наследство на народите во Европа. Оваа програма посветена на културната рута на Кирил и Методиј нуди модел за научно истражување и научен развој, афирмација на европското културно наследство, културна и едукативна размена на младите во Европа, развој на управувањето во културниот туризам и сл. Кирилометодиевското културно наследство има долга и континуирана традиција на територијата на Р С Македонија, евидентна и во материјалните и во нематеријалните културни форми. Новите перспективи во културниот туризам поврзани со кирилометодиевското културно наследство на македонски терен можат да се третираат и како културна и како економска активност, кои се поврзани со настани и организирани патувања, насочени кон истражување на културни форми, какви што се: историски споменици, архитектонски комплекси, како и уметнички, верски, едукативни и информативни настани од академска природа. Оригиналното кирилометодиевско средновековно наследство на теренот на Македонија извонредно е зачувано, а е и евидентно и важно за современите жители на Европа и претставува одличен потенцијал за културен туризам. Во излагањето, како особено значајни, ги издвојуваме стратегиите во имплементација на нови

практики во развојните активности на рутата на Светите Кирил и Методиј на македонско тло, сообразени со практиките во другите земји членки на самата Рута.

## STRATEGIES FOR DEVELOPMENT OF THE CYRIL AND METHODIUS ROUTE ON MACEDONIAN SOIL

**Maja Jakimovska-Toshikj**
Institute of Macedonian Literature, Skopje
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
ORCID ID: https://orcid.org//0009-0005-6826- 4277

**Keywords:** cultural route, Ss. Cyril and Methodius, cultural heritage, strategies, development

**Summary:** The Cyril and Methodius Route, as a part of the Council of Europe Cultural Routes programme, established in 2013 as an international network of countries and partners, commemorates and affirms the legacy of Saints Cyril and Methodius in relation to European cultural heritage. Their educational mission left an indelible mark on the cultural heritage of the peoples of Europe. This program, dedicated to the Cultural Route of Cyril and Methodius, offers a model for scientific research and development, affirmation of European cultural heritage, cultural and educational exchange of young people in Europe, development of management in cultural tourism, etc. Ss. Cyril and Methodius' cultural heritage has a long and deep tradition in the territory of R N. Macedonia, evident in both tangible and intangible cultural forms. The new perspectives in cultural tourism related to the Cyril and Methodius cultural heritage on Macedonian territory can be treated as both a cultural and an economic activity related to events and organized trips, aimed at exploring cultural forms such as: historical monuments, architectural complexes, as well as artistic, religious, educational and informative events of an academic nature. The original Cyril and Methodius medieval heritage on the territory of Macedonia is remarkably preserved, evident and important for the contemporary inhabitants of Europe and represents an excellent potential for cultural tourism. In the presentation, we highlight as particularly significant the strategies in the implementation of new practices in the development activities of the

Saints Cyril and Methodius Route on Macedonian soil, consistent with the practices in other member countries of the Route itself.

## *Културни рути* – програма на Советот на Европа

Програмата Културни рути на Советот на Европа, започната во 1987 година, нуди извонредна можност за истражување на богатото културно наследство на европскиот континент, преку 48-те сертифицирани културни рути, во чија програма се вклучени 41 земја, сите обединети околу одредена тема за одделно проследување и популаризација на културните феномени[1]. Првата рута, која го доби овој статус на Советот на Европа, беше Рутата Сент Џејмс – француска рута (Santiago de Compostela Piligrim Routes), која се одвива токму до градот Сантијаго де Компостела во Шпанија, етаблирана уште во 1987 година.

Во основните цели на Програмата беше вклучена интенцијата и предизвикот наследството на различните земји и култури на Европа да придонесува за проширување на сфаќањето за оддржување на европско културно наследство како заедничко и живо. Овие сертифицирани рути опфаќаат истражувања, промоции и афирмација на исклучително значајни историски споменици, традиции или значајни културни настани, како туристички производи. Нивното поврзување претставува клучна алатка во промовирањето и зајакнувањето на главните вредности на Советот на Европа, кои ги опфаќаат: човековите права,

[1] На официјалниот сајт https://www.coe.int/en/web/cultural-routes на Програмата на културните рути на Советот на Европа, ќе ги добиете најрелевантните информации за програмската насоченост и истражувањата, кои се одвиваат во секоја одделна културна рута. Како за илустрација наведуваме дел од културните рути во оваа Програма, сите се центрирани околу одредена тема: Santiago de Compostela Piligrim Routes, The Hansa, Viking Route, Via Francigena, European Mozart Ways, Transromanica, Iter Vitis Route, Europiean Cemeteries Route, Via Regia, Prehistoric Rock Art Trails, Atrium, Europian Route of Megalitic Culture, Roman Emperors and Danube Wine Routes, Imressionnisms Route, Le Corbusier Destinations: Architectural Promenades, Liberation Route Europe, European Route of Historic Gardens, Cyril and Methodius Rute, European Fairy Tale Route, Woman Writers Route, Transhumance Trail и др.

демократијата, културната разновидност и идентитетот. Културните рути се единствени мрежи на партнери и маршути, во концептуална смисла, кои ги поврзуваат историските и културните локалитети ширум Европа. Нивните цели се насочени кон продлабочено разбирање на европската историја и на европскиот идентитет, кон соработка во научното истражување и во научниот развој, во домен на културна и образовна размена на млади Европејци, во споделување современи културни и уметнички практики, како и во промовирање на одржливиот туризам и развојот на добрите практики за меѓусебното разбирање меѓу народите.

Затоа, не е случајност, во нивната програмската детерминација, да е подвлечено дека токму европските културни рути се единствен паневропски туристички производ. Напорите на Советот на Европа за сертифицирање на нови културни рути се водени од целта за промоција на европските: културна меморија, историја и наследство, зајакнување на европскиот идентитет и европската култура преку поврзување на историските и на културните локалитети низ Европа.

## Европската културна рута на Светите Кирил и Методиј

Асоцијацијата Европската културна рута на Светите Кирил и Методиј, како дел од Програмата за културните рути на Советот на Европа, воспоставена во 2013 година, има за цел да го направи видливо и да го сочува уникатното европско наследство, поврзано со оригиналното дејствување на мисионерите Кирил и Методиј и нивното влијание врз обликување на културната меморија и врз современите културни состојби и релации меѓу народите во Европа. Целта на програмата е создавање и одржување на функционална европска мрежа што го следи кирилометодиевското наследство и ги поддржува христијанските културни корени и вредности, засновани на почитување и дијалог меѓу народите. Кирилометодиевското наследство најмногу е упатено кон словенските култури, кои идентитетски се поврзуваат со неговите придобивки. Значењето на Светите Кирил и Методиј, кои, со своето дело, дадоа огромен цивилизациски придонес, особено за народите, кои ги практикуваат словенските

културни особености, го согледуваме, во голема мера, во поставувањето на темелите на словенската цивилизација и на словенската култура.

Основата на Кирилометодиевското културно наследство има нематеријални и материјални аспекти. Нематеријалните, пред сè, ги согледуваме во произлезот на литературните словенски јазични идиоми, како и во писмата: во глаголицата и кирилицата. Материјалните аспекти првенствено се состојат од корпусот на ракописни текстови, напишани на старословенски јазик, директно поврзани со кирилометодиевското наследство. Исто така во третманот на сфаќањата овде влегуваат и низа археолошки и историски локалитети, кои датираат од првобитниот период на Кирилометодиевската мисија, како и на локалитети што сведочат за релевантни фази од последователниот развој на културните идеи на Кирил и Методиј во различни земји[2]. Космополитизмот прокламиран во нивното дејствување го согледуваме во етаблирањето на старословенскиот јазик како рамноправен и нормиран во Европа уште во IX век. Благодарејќи на космополитскиот дух на Светите Кирил и Методиј, освен грчкиот и латинскиот, старословенскиот јазик стана четврти литературен јазик во Европа во полната смисла на зборот: постари се само готскиот (IV век), англосаксонскиот (VII – IX век) и старовисокогерманскиот (VIII век) (Илиевски 2001: 236).[3]

---

[2] Vukoja Vida. 2021. Scholary basis of the Cultural Route of Saints Cyril and Methodius, page 2, link https://www.cyril-methodius.eu/legasy/#flipbook-df_8058/1/

[3] Иницијативите на Светите браќа Кирил и Методиј за утврдување на словенската писменост и литургија и на словенската црква, сврзани со програмските и со политичките цели на Моравската мисија, означиле почеток на нова ера во духовниот и во културниот живот на словенските народи. Самото спроведување на Моравската мисија (863 – 885), која имала политички, воено-стратешки и културно-духовен карактер, означува поддржување и афирмација **на словенскиот јазичен и културен идентитет** најнапред од страна на Византија, а подоцна и од папата во Рим. Ваквиот потфат во практиката, преку реализација на мисијата во Моравија и преку директното вмешување во политичките и меѓуцрковните конфронтации на Константинопол и Рим, се покажало како функционален процес во афирмацијата на словенската цивилизација и култура.

Старословенскиот јазик, веќе од почетокот на XII век, на различни словенски подрачја бележи одредени промени со примеси на елементи од современите јазични состојби, разбрани како лингвистички разновидности и изразени во свои одделни рецензии/редакции постапно развивани во средновековниот период. Притоа, под редакции поконкретно се подразбираат и јазичните и текстолошките промени внесувани со новите преводи на канонските текстови и ревизија на старите (Угринова-Скаловска 1978: 12). Периодот на ваквите промени трае различно кај сите словенски народи, што особено се проширува со појавата на неканонските, дамаскинарските и белетристичките текстови, кои воведуваат одредена демократизација во примената на јазичната норма, па се завршува со кодифицирањето на современите словенски книжевни јазици. Така, јазиците имаат своја просторна и временска димензија на специфичен сопствен развој, при што може се зборува за просторно-временски и јазичен/дијалектен континуум (Коцарев 2020: 11). Понатаму, процесот на лингвистичката хомогенизација се смета за еден од основните механизми во градењето на национални заедници.

Светите Кирил и Методиј, освен нивниот примарен влог за словенската просвета и култура, значително влијаеле на духовниот развој на Европејците. Колку е важна и суштинска нивната мисија зборува фактот што денес тие се патрони на Европа, признание дадено од Ватикан со апостолското писмо „Egregiae virtutis“ на папата Свети Јован Павле II од 31 декември 1980 година, за да се потенцира нивното значење за единството на европските народи. Космоплитизмот и визионерството се есенцијани заложби на Светите Кирил и Методиј, вградени во културната историја на Европа, и во самата програмска насоченост на европските културни рути. Тие остануваат симболи на темелните вредности на европската цивилизација, како што се: човечкото достоинство, толеранцијата, демократијата, слободата на мислата, совеста и религијата, слободата на изразување, владеењето на правото и правото на правично судење.

Нивната просветителска мисија остави неизбришлива трага врз културното наследство на народите во Европа. Географски,

самата мисија и нејзиното културно наследство покриваа релативно голема територија. Велика Моравија ги опфаќала главно локалитетите на Чешка (нејзиниот источен дел) и западна Словачка, но исто така и Унгарија и Австрија. Долна Панонија најмногу ја опфаќала денешна Унгарија, но и Хрватска и Србија. Пред и за време на мисијата, животната приказна на Светите Кирил и Методиј се одвивала и во регионите на денешна Грција и Турција, на Македонија (Стримонската Област – Брегалница), Германија, Словенија, Италија, Украина и Русија (територијата на Крим и на Киевска Русија). Откако директните следбеници на Кирил и Методиј беа протерани од Велика Моравија (885), културната идеја на Кирил и Методиј и нејзината содржина се рашири преку дејствувањето на нивните последователи меѓу Словените, кои живеат на денешните територии на: Бугарија, Македонија и Јужна Албанија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Романија, Молдавија и Полска[4]. Како последица на тоа, денес кирилометодиевското наследство е присутно во сите земји во кои се одвивало нивното дејствување или во текот на вековите, онаму каде што особено се проширувал нивниот култен одраз.

## Структура и функционирање на асоцијацијата Европската рута на Светите Кирил и Методиј

Европската културна рута на Светите Кирил и Методиј е асоцијација/здружение на правни лица со седиште во Злин, Чешка. Асоцијацијата е основана од регионот Злин (повисока територијална единица) и Источноморавската туристичка управа во 2013 година, токму во јубилејна година од одбележувањето на 1150 години од почетоците на Моравската мисија (863). Здружението е одговорно за: управување, развој и маркетинг на рутата, организира тематски настани и подготвува и спроведува грант-проекти (Janochová 2025: 21). Јадрото на дигиталната презентација е официјалната веб-страница на Рутата на Кирил и

[4] Vukoja Vida. 2021. Scholary basis of the Cultural Route of Saints Cyril and Methodius, page 2-3, link https://www.cyril-methodius.eu/legasy/#flipbook-df_8058/1/

Методиј, www.cyril-methodius.eu. Овој сеопфатен веб-портал служи како медиум, кој обезбедува множество информации за туристичкиот производ, фокусиран на трансферзалата, која обединува најразлични локалитети, поврзани со наследството на Кирил и Методиј, вклучувајќи подробна маршута, актуелни активности и настани, како и популаризација на места што мора да се посетат.

Основната интенција за развој на Рутата е да се изгради мрежа на доверливи партнери, кои развиваат поврзувања на патеки на долги растојанија и на културни споменици, поврзани со широкораспространетото кирилометодиевско наследство. Во моментов асоцијацијата има 43 официјални институционални членки[5] во десет европски земји (Чешка, Словачка, Унгарија, Полска, Грција, Бугарија, Северна Македонија, Словенија, Хрватска и Италија). Асоцијацијата е отворена да приклучува и други членови и партнери, особено од: централна, југозападна и југоисточна Европа. Здружението развива активности во координација со своите членки во областа на науката и на истражувањето, во туризмот, во младинското образование, во доменот на уметничките практики преку афирмација на културното наследство. Членовите на Асоцијацијата имаат право да го користат специјализираното лого на Рутата на Кирил и Методиј – Културна рута на Советот на Европа, веднаш штом ќе станат нејзини членови.

Врховното тело на Асоцијацијата е Генералната асамблеја, која го сочинуваат редовните членови на Здружението. Функцијата на претседателот на Здружението е почесна и репрезентативна. Директорот е овластен претставник на Здружението и е одговорен за управувањето и финансиското работење, кадровските политики и извршувањето на задачите на Постојаниот секретаријат.

Постојаниот секретаријат, од своја страна е извршно, координативно и административно тело на Здружението. Тој е достапен за секојдневна комуникација на Здружението. Овој

[5] Последното проширување со 6 нови институции партнери се случи на ГА, одржана во Скопје на 21.5.2025.

извршен тим се занимава со: стратешко планирање, развој на активности, меѓународни проекти или комуникации со сите членки на Здружението (Janochová 2025: 22–23).

Во 2015 година Генералната асамблеја одобри формирање на два комитета (Научен комитет и Управен комитет). Научниот комитет, со кој претседава проф. д-р Петер Иванич од Универзитетот „Константин Филозоф“ во Нитра, поддржува научни истражувања во врска со проблематиките на оваа културна рута. Членовите на овој комитет имаат можност да ги објават своите статии во референтното научно списание „Constantines' Letters/Константинови писма“. Управниот комитет го претставуваат основачите на Здружението, повисоки територијални единици на самоуправа (региони) и национални координатори. Има функција на надзорен орган и придонесува во формулирањето на стратегии за развој и користење на финансиските фондови. Во 2024 година, Управниот одбор формираше Маркетинг група за подобрување на квалитетот на алатките за комуникација и за целосниот маркетинг на здружението.

Во 2022 година беше развиена и беше одобрена од Генералното собрание Меѓународната стратегија на Рутата на Кирил и Методиј до 2030 година. Документот ја дефинира визијата, основните стратешки цели и мерките што водат до нив за меѓународен развој на кирилометодиевската рута како културен туристички производ.

Во 2021 година, Советот на Европа ја сертифицираше Рутата на Кирил и Методиј, која ги поврзува местата, институциите и организациите, кои продолжуваат да го истражуваат, да го поддржуваат и да го продлабочуваат наследството на Светите Кирил и Методиј и на нивните ученици. На сертификацијата ѝ претходеше динамичен развој, од 2011 година. Рутата се здоби со своја ресертификација на Културна рута на Советот на Европа за наредниот петгодишен период на 6.5.2025, во Луксембург, со критериумите дефинирани во Резолуцијата CM/Res (2023)2.

Кирилометодиевската рута, во своето функционирање, придонесува за развој на модерниот европеизам преку применливоста на оригиналните Кирилометодиевски идеи за: меѓусебно разбирање, толеранција, културен дијалог и единство на континентот.

**Кирилометодиевското културно наследство на македонска почва**

Новите перспективи во културниот туризам, поврзани со кирилометодиевското културно наследство, на македонски терен, можат да се третираат и како културна и како економска активност, који се поврзани со настани и со организирани патувања, насочени кон истражување на културни форми, какви што се: историски споменици, архитектонски комплекси, како и уметнички, верски, едукативни и информативни настани од академска природа. Оригиналното кирилометодиевско средновековно наследство во Македонија извонредно е зачувано, а е и евидентно и важно за современите жители на Европа и претставува одличен потенцијал за културен туризам. Така, кирилометодиевското културно наследство на македонски терен, освен во пишаните и во ракописни текстови, сочувани во библиотечните фондови што се чуваат кај нас, но и во европските книгохранилишта, опфаќа локалитети и артефакти поврзани со важни настани и фази од животот на Кирил и Методиј и на нивните директни ученици, Светите Климент и Наум Охридски, како и бројни историски локалитети, кои нудат увид во ерата на подемот и на развојот на глаголицата и на кирилицата. Кирилометодиевското наследство кај нас го препознаваме како составен дел на македонскиот национален и културен идентитет, што е означено и со нивниот празничен календар поврзан со прослави, фестивали и други манифестации, особено на 24 мај, што во Македонија се празнува како Ден на сесловенските просветители.

Прославата на Светите Кирил и Методиј на македонски терен особено се бележи во културната традиција и меморија, изразена во црквите и во манастирите под јурисдикција на Охридската архиепископија, почнувајќи од најстарото ѕидно

сликарство во Охрид и во регионот на Преспа (XI – XII век). Најстарите прикази на: Св. Кирил, Св. Климент Охридски и најверојатно на Св. Методиј, како дел од иста тематска целина, се сочувани во ѕидното сликарство на црквата „Света Софија“ во Охрид (1037 – 1056), чии фрески датираат од времето на архиепископот Лав (1037 – 1056), во природна големина, во ѓакониконот, на јужниот ѕид, покрај некогашната олтарна преграда (Јакимовска-Тошиќ 2021: 137–139).

Нив ги следиме во фрескоживописот на црквата „Свети Ѓорѓи“ во Курбиново, Преспа, датиран од 1191 година. Овде Кирил и Методиј се насликани на јужниот ѕид од наосот, благо свртени еден кон друг, сочувани извонредно. Фигурата на Св. Кирил доаѓа по ликот на Св. Кирил Александриски, според кого словенскиот учител го добил своето монашко име, и претставувал духовен пример за Кирил Филозоф (Грозданов 2007: 300).

Постојат голем број уметнички дела од XV до XVII век во кои Св. Константин-Кирил е насликан со црти на лицето, кои наликуваат на александрискиот патријарх Кирил Александриски и со натпис Филозоф, кој се појавува во духовна целина со Св. Методиј и Св. Климент Охридски. Така на пример, Св. Кирил и Св. Климент се претставени еден до друг за време на богослужбата во манастирот „Света Богородица“ во Калишта, на брегот на Охридското Езеро (Ангеличин-Жура 1997: 35–36). Група портрети од XVI и од XVII век на Светите Кирил и Методиј, насликани во црквите на епархиите на Охридската архиепископија, се од особено значење за следење на континуитетот на овие процеси.

Особено значајни се портретите на словенските учители во манастирот „Света Богородица“ во Сливница, во Преспа. Во олтарот на црквата кај Сливница, на јужниот ѕид, во 1606/1607 година е присутен портретот на Св. Кирил Филозоф, од еден исклучителен сликар. Во нартексот на истата црква, друг сликар ги претставил Седмочислениците, еден до друг, во 1612 година, како прва позната претстава на седумте словенски светители, иако не може да се забележи вообичаен натпис на нивните

фигури. Според Ц. Грозданов, авторите на сликите во нартексот не потекнуваат од охридската работилница, туку укажуваат на влијанието што го извршила Света Гора, засновано на сличности во изобразување на нивните портрети, според модели присутни во руски сликарски прирачници (Грозданов 2007: 306–307).

Многу значајни се претставите на Светите Кирил и Методиј во охридското подрачје од почетокот на XVIII век, кои се наоѓаат на иконостасот во манастирската црква „Свети Наум“. Така, во „Успението на Свети Наум“, прикажано над неговиот гроб, насликано од страна на Трпо Зограф од Корча во 1800 година, Св. Методиј е прикажан со хиерархиски жезол во левата рака, Св. Кирил чита погребна служба со отворена книга, а Св. Климент го благословува Свети Наум, што се востановува како трајна појава во структурата на оваа композиција во XVIII век (Грозданов 2007: 309–310). Познатата претстава на Седмочислениците во манастирот „Св. Наум“ му припаѓа на центричен тип, што ја надминува претходната фронтална претстава од Преспа, каде што, во централна позиција, се наоѓа Св. Методиј, кој ги држи рацете поставени врз моделот на црква, која Св. Кирил и Св. Климент ја потпираат од обете страни (Грозданов 2007: 311).

Оваа културна рута е поврзана во голема мера со историските и со културните локалитети на Скопје и Скопско, коишто нудат единствена можност да се истражат: знаменитостите, музеите и спомениците, посветени на нивното дејствување (Jakimovska-Toshikj 2025: 9–18). Така, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е најстариот државен универзитет, конституиран во 1949 год., стожер на високото образование во Македонија, кој го одразува длабокото влијание на Светите Кирил и Методиј врз интелектуалниот и културниот живот во државата. Како клучни маркери на Рутата се неколку споменици во кампусот на Универзитетот (централниот споменик на Светите Кирил и Методиј поставен во центарот на кампусот е дело на познатиот македонски уметник Боро Митриќески). Во Ректоратот на Универзитетот се наоѓа скулптура од македонскиот академик Томе Серафимовски. Во централното градско подрачје на Скопје споменикот на Кирил и

Методиј од авторот Жарко Башески е поставен во 2010 год., покрај Камениот мост.

Во оваа насока на проследување особено е значаен манастирот „Успение на Пресвета Богородица“ – Матка, познат по прекрасниот фрескоживопис, кој исто така нуди импресивен поглед во богатото уметничко и духовно наследство на Скопскиот Регион. Сместена во живописниот кањон Матка, оваа историска црква, која датира од XIV век, е непроценливо богатство на средновековната македонска уметност и архитектура. Особено значаен е фрескоживописот од 1496/1497 година, каде што, во олтарскиот простор, покрај другите архиереи, во втората зона се претставени Св. Кирил Филозоф и Св. Климент Охридски (Расолковска-Николовска 1983: 105–108). Од овој аспект е значаен и манастирот „Свети Никола-Шишевски“, лоциран во близина на скопското село Шишево. На јужниот ѕид од олтарот на црквата се наоѓа една исклучителна претстава на двајцата архиереи Св. Спиридон и Св. Кирил Филозоф, со сламени шапки.

Ваквото истражување претставува збогатувачко искуство за љубителите на: културата, уметноста, историјата, преку кое, културните истражувачи и сите заинтересирани можат да го осознаат значајното наследство на Светите Кирил и Методиј, кое манифестирано и распространето оригинално, се следи на целиот македонски терен.

## Имплементација на нови активности и практики

Институтот за македонска литература при УКИМ во Скопје и Институтот за старословенска култура – Прилеп при УКЛО, се членки на Европската рута на Кирил и Методиј од 1.12.2023. Во активностите на Рутата Институтот за македонска литература учества со свои активности и пред официјализирањето на членството, но особено во перидот по официјалното пристапување кон асоцијацијата. Научноистражувачкиот профил на Институтот овозможува значајни активности во доменот на: организации и учества на научни симпозиуми, објави и промоции на научни трудови, како и организација на последната Генерална

асамблеја (21.5.2025, Скопје) во рамки на Рутата. Особено сакаме да ги подвлечеме следните активности на Институот: организација на меѓународниот научен симпозиум: „Европската рута на Светите Кирил и Методиј во културното наследство на Скопје и Скопско“, Скопје, 8 – 9 октомври 2024/The European Route of Ss. Cyril and Methodius in Cultural Heritage of Skopje and Greater Skopje Area; организатори на General Assembly Meeting of the ECRSCM association, 21.5.2025 во Скопје – двата настани беа под поковителство на Министерството за култура и туризам на РС Македонија; организација на научната трибина: „Кирилометодиевското културно наследство во регионот на Охрид и Преспа“/Cyril and Methodius Cultural Heritage in Ohrid and Prespa region (Ohrid 23. May 2025), под покровителство на општината Охрид; организатори на промоцијата на списанието „Europe: Along the Cyril and Methodius Route“, како посебен број од специјализираната публикацијата за патувања Look at it![6], на 20. 5 2025 во Скопје (Europe House), на чии страници се популаризира кирилометодиевското наследство во Македонија во туристички цели; објавени трудови од симпозиумот „The European Route of Ss. Cyril and Methodius in Cultural Heritage of Skopje and Greater Skopje Area“ во институтското списание „Контекст“/Context 2025/31. Бројни се учествата на соработниците од Институтот за македонска литература на специјализирани симпозиуми од доменот на кирилометодиевското наследство на европските универзитети (Словачка, Шпанија, Чешка), објавени трудови во референтни списанија (Slavica Slovaca, Constantine‘s Letters, Context), приложена апликација за ERASMUS + Project : *The C&M Route: From Glagolitic Script to Digital Future via Education*, како и учества на Генералните асмаблеи во повеќе земји (Чешка, Словачка, Бугарија, Македонија).

Значајно е да се предвидат наредните активности за да се вклопиме во системот на унапредена промоција на кирилометодиевското наследство, како: научен, културен и

[6]https://www.lookatit.cz/wp-content/uploads/2025/05/lookatit_CMstezky25_CJ_web.pdf

туристички производ. За тоа е потребно нашите заложби да се вложат во повеќе сегменти:

- јакнење на транснационални и мултидисциплинарни научни истражувања;
- маркирање на Рутата на Светите Кирил и Методиј на македонско тло (физичко и дигитално мапирање) и нејзино обележувањето со стандардизирани QR кодови (Симболот/логото на Рутата се поставува на знаците за насочување по должината на патеките);
- изработка на: веб-сајти, туристички водичи, мапи, видеозаписи, и други видови промоција на дигиталните медиуми;
- промовирање на културна и на образовна размена меѓу младите (изработка на магистерски и докторски тези за културните рути на интердисциплинарните Културолошки студии при ИМЛ);
- спроведување и примена на иновациски проекти од областа на културниот туризам и одржливиот културен развој: соработка со туристичката комора на Македонија (развој на туристички производи и услуги, наменети за различни групи);
- употреба на најразлични дигитални алатки, што го отвора патот кон промоција на вклучените локации како главни маркери на кирилометодиевското наследство во нашата земја и со можности за поврзување со секоја одделна земја.

**Заклучок**

Преку програмата на Културните рути на Советот на Европа, вклучувајќи ја и Културната рута на Кирил и Методиј, целта е да се подигне промоцијата на поединечни земји и локации, кои низ: иновациските програми, инспиративни теми и партиципативни активности се презентираат како исклучителни туристички области и дестинации. Напорите на Советот на Европа за сертифицирање на културните рути се водени од целта за зајакнување на европскиот идентитет и култура преку

поврзување на историските и на културните места низ Европа. Токму кирилометодиевското културното наследство ја поддржува заложбата за културната размена меѓу народите и го продлабочува меѓусебното разбирање, преку развивање на меѓукултурниот дијалог. Истовремено, можеме да констатираме дека кирилометодиевското културно наследство има долга и континуирана традиција на територијата на Македонија, евидентна и во материјалните и во нематеријалните културни форми. Затоа членството во Европската културна рута на Светите Кирил и Методиј е идеален начин да ги промовираме: спомениците, образовните институции, именувани во нивна чест, иконописот и фрескоживописот со нивните претстави во македонските цркви и манастири, средновековните скрипторски центри, кои трајно го негуваат нивното книжевно наследство итн. Следењето на траекторијата на Светите Кирил и Методиј обезбедува не само историско истражување, туку и следење на нивното трајно присуство во културната меморија и во културното наследство на секоја одделна национална култура и истовремено отвораат можност за нејзино споделување со сите заинтересирани страни, како дел од поширокиот европскиот културен простор, а со помош на унапредените туристички и дигитални алатки обезбедуваат пристап до културата за сите.

## Литература/References:


Ангеличин-Жура, Гоце. (1997). *Страници од историјата на уметноста на Охрид и Охридско (XV-XIX век)*. Охрид: Macedonia Prima.[Angeličin-Žura. Pages from the history of art in Ohrid and the Ohrid region 15th-19th centuries). Ohrid: Macedonia Prima]. (In Macedonian)

Vukoja Vida. 2021. *Scholary basis of the Cultural Route of Saints Cyril and Methodius*, page 2, link https://www.cyril-methodius.eu/legasy/#flipbook-df_8058/1/ (accessed June 10, 2025)

Грозданов, Цветан. (2007). *Живописот на Охридската архиепископија*. Студии. Скопје: МАНУ. [Grozdanov, Cvetan. The Paintings of the Ohrid Archbishopric. Studies. Skopje: MANU]. (In Macedonian)

Јакимовска-Тошиќ, Маја (2021). Кирилометодиевското културно наследство во Македонија и неговото значење за современите Европејци. *Културното наследство и вредносните канони.* Скопје: Институт за македонска литература, 133–144. [Jakimovska-Toshikj,

Maja (2025). The cultural heritage of Ss. Cyril and Methodius in Macedonia and its significans for Euopeans today. *Cultural heritage and value canon*. Skopje: Institute of Macedonian Literature, 131–142.] (In Macedonian and English)

Jakimovska-Toshikj, Maja (2025). Ss. Cyrillo-Methodian heritage of Skopje and greater Skopje area as a cultural-historical locality and tourist destination. *Context*, 31, Skopje, 9–18.

Janohová, Martina. 2025. European Cultural Route of Saints Cyril and Methodius. *Context*, 31, Skopje, 19-27.

Коцарев, Љупчо. (2020). Македонскиот јазик во време и простор. *Македонскиот јазик – континуитет во простор и време (колективна монографија)*, Скопје: МАНУ, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Совет за македонски јазик, 9-20. [Kocarev, Ljupčo. Macedonian language in time and space. *Macedonian language – continuity in space and time* (collective monograph), Skopje: MANU, Institut of Macedonian Language “Krste Misirkov”, “Blaze Koneski” Faculty of Filology, Council for the Macedonian language]. (In Macedonian)

Илиевски, Хр. Петар. (2001). *Појава и развој на писмото,* Скопје : МАНУ. [Ilievski, Hr. Petar. Appearance and development of the letter, Skopje: MANU]. (In Macedonian)

Расолковска-Николовска, Загорка. (1983). Портретот на Климент Охридски во Матка. *Ликовна уметност*, 8-9. Скопје.[Raskolkovska-Nikolovska, Zagorka. The portrait of Clement of Ohrid in Matka. *Fine arts*, 8-9]. (In Macedonian)

Угринова-Скаловска, Радмила. 1978. *Старословенски јазик*. Скопје : Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. [Ugrinova-Skalovska, Radmila. Old Church Slavonic language, Skopje: Ss Cyril and Methodius University]. (In Macedonian)

## **Електронски извори/ Electronic sources:**

https://www.coe.int/en/web/cultural-routes (accessed June 10, 2025)

http://manu.edu.mk/wp-content/uploads/2020/07/Makedonskiot-jazik_kontinuitet-vo-prostor-i-vreme_kolektivna-monografija.pdf) (accessed June 10, 2025)

https://www.cyril-methodius.eu/ (accessed June 10, 2025)

https://www.lookatit.cz/wp-content/uploads/2025/05/lookatit_CMstezky25_CJ_web.pdf (accessed June 10, 2025)